Република Македонија
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-130/1 од 22.02.2017 год
Ранковце

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14; 44/2015; 193/15; 31/16 и 163/16), Градоначалникот на Општина Ранковце го донесува следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**Се известуваат правните и физичките лица дека се распишува**

**ЈАВЕН ПОВИК за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Ранковце за 2017 година**

Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14, 44/2015, 193/15; 31/16 и 163/16), во првиот квартал од 2017 година.

- Во периодот од 31 ден, сите заинтересирани правни и физички лица можат да доставaт иницијативи за изработка на урбанистички планови од членот 7, став 1, точка 2, алинеја 3 и 4 од горенаведениот Закон;
- Јавниот повик ќе трае од 27.02.2017 година до 29.03.2017 година, сметано од денот на објавата во дневниот весник „Нова Македонија";
- Јавниот повик ќе биде објавен и на веб страната на општина Ранковце, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и преку објава во службено гласило на општина Ранковце;
- Заинтересираните правни и физички лица иницијативите можат да ги доставaт во писмена форма преку архивата на општина Ранковце до одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, Лер и јавни дејности или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам.
- Комисијата за урбанизам при општина Ранковце во рок од 15 работни дена од истекот на рокот за доставување на иницијативите ќе одлучи по секоја поднесена иницијатива и ќе го извести подносителот на иницијативата за прифаќање односно неприфаќање на истата со образложение во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма;
- Прифатените иницијативи ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбнистички планови на општина Ранковце за 2017 година;
- Средствата за изготвување на потребната документација за прифатените иницијативи треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите;

**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Градоначалник**
**Момчило Алексовски**

Република Македонија - Општина Ранковце